Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/2
17.02.2021 год.
Скопје

# Записник од 22-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / E pranuar: 17 FEB 2021
Орг. Един. / Nj. org: 14 | Број / Numër: 985 | Прилог / Shtojcë: 2 | Вредност / Vlera:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 28.01.2021 година | **Време** | 11.00 – 12:30 часот |
| **Бр. на седница** | 22-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Ана Малцева (Кабинет на Премиер), Боро Јакимоски (АЕК), Милан Николовски (независен експерт) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 15.1.2021 година.<br>2. Финализација на двата процеси кои се однесуваат на:<br>• ажурирање на белите, сивите и црните зони во државата, |

- користењето на услугата пристап до бродбенд на ниво на населено место (од аспект на брзина и технологија) - на ниво на цела држава

3. Разно

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 22-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) која се одржа online, при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

Пред отпочнување на дискусијата околу предложените точки на седницата збор зеде Ана Малцева која информираше дека како нововработена во Кабинетот на Премиерот има добиено работни задачи поврзани со проекти за дигитализација на општеството, како и соработка и учество во работата на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 21-та седница, одржана на 15.01.2021 година.

**За втората точка од дневниот ред**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, истакна дека процесот на ажурирање на белите, сивите и црните зони, како и процесот на мапирање во однос користење на услугата пристап до бродбенд на ниво на населено место (од аспект на брзина и технологија) во државата, се процеси и фактори кои силно влијаат влијаат за понатамошна имплементација на НОБП. Исто така тој кажа дека тие се битен услов за започнување на Студијата за изводливост за изградба на Националната оптичка транспортна мрежа (НОТМ).

Членот на НКБК, Зоран Дервишов, информираше дека процесот на мапирање на бели сиви и црни зони е завршен. Исто така, информираше дека согласно добиените податоци бројот на домаќинства во белите зони е намален што е оптимистички податок.

Во однос на процесот на мапирање на користењето на услугата пристап до бродбенд на ниво на населено место (од аспект на брзина и технологија) - на ниво на цела држава, тој истакна дека овие податоци кои се добиени од страна на операторите се во ексел, но не се стандардизирани и дека е потребно повеќе време за нивна анализа и обработка, но дека процентот на добиени податоци од страна на операторите е доста висок.

Дервишов додаде и дека операторите ќе треба да продолжат со процесот на пополнување на атрибутни податоци за мрежите со цел добивање јасна слика околу техничките параметри на мрежите кои ги користат и поседуваат операторите.

**Заклучок 1:** Откако технички ќе биде обезбедено, да се достави линк за пристап до мапата со ажурирани бели, сиви и црни зони во државата..

**Заклучок 2:** НКБК писмено да го извести министерот за информатичко општество и администрација за завршениот процес на ажурирање на белите, сивите и црните зони во државата, како и за мапирање на користењето на услугата пристап до бродбенд на ниво на населено место

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ Буковалов извести дека е планиран состанок на Светска банка со претставници од МИОА и дека ќе треба да се извести Светска банка за завршените процеси неопходни за започнување на Студијата за изводливост за изградба на Националната оптичка транспортна мрежа.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________